2222


**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

Ч Е Р
Скопје

978/9

1. XII. 1968


**Културен размерник** — ЕСЕНСКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ

# СЛАБО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ

## На изложбата се експонирани 55 слики и 21 скулптура

Годинашнава есенска изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, што е презентирана во просториите на Уметничката галерија во Скопје, ја сочинуваат 55 слики во разни техники и 21 скулптура.

Со слики се застапени: **Никола Мартиновски, Спасе Куноски, Петар Мазев, Вангел Коџоман, Миле Корубин, Димитар Кондовски, Димче Коцо, Пецо Видимче, Иван Велков, Родољуб Анастасов, Стеван Василевски, Илинка Глигорова, Трајче Јанчевски, Александар Јанкуловски, Васил Костов, Ѓорѓи Крстевски, Петар Николовски, Трајче Николовски, Киро Нунески, Душан Перчинков, Момчило Петревски, Александар Ристевски, Владимир Спасов, Борислав Трајковски, Јосиф Трајковски, Ристо Шемов, Ордан Маневски, Ана Темкова, Нове Франговски, Тофе Шулајковски и Јован Миронски**, а со скулптури се застапени: **Боро Митриќевски, Коста Абдарманов, Јордан Грабулоски, Максим Димановски, Стефан Маневски, Борис Николовски, Драган Попоски, Димитар Трајановски, Насо Беќаровски, Васил Василев, Крсто Велчевски и Бранко Конески.**

Првата забелешка што треба да се истакне уште на почетокот е мошне слабата организација на изложбата. Имено, сликите и скулптурите наредени во еден релативно мал простор, оддаваат впечаток дека се расфрлени а не дека се изложени на една таква манифестација каква што е есенската изложба на ДЛУМ.

**Посетителот на изложбата навистина многу тешко ќе се снајде како да ги разгледа експонатите а притоа, сепак, во своето сеќавање, да понесе барем нешто од содржината на експонатите. А сето тоа говори дека изложбата била на брза рака подготвена и без однапред определени концепции за распоредот на творбите.**

Сето ова уште повеќе е потенцирано со фактот што каталогот издаден по повод изложбата не е во неколку случаи адекватен на содржината на изложбата а една слика воопшто не е означена со ништо и не се знае од кого е.

Ако есенската изложба на ДЛУМ се јавува како репрезентант на врвно достигнување во одреден период на ликовната уметност кај нас, тогаш организаторот секако би требало да ѝ посвети поголемо внимание на оваа манифестација. Иако на изложбата има релативно многу експонати, сепак многу поестетски и пофункционално ќе делуваше, **ако до секоја творба стоеше, на специјални афиши името на уметникот и насловот на творбата.** Тоа донекаде ќе ја ублажеше натрупаноста на експонатите и посетителот со поголема сигурност ќе можеше да пријде кон содржината на изложбата.

**Т. Ш.**



ДИМЧЕ КОЦО: „БЕСЕДА" (ТАПИСЕРИЈА)